Љупчо НЕДЕЛКОВ

# ЕТНОИСТОРИСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ТИКВЕШ

Поволните природно географски услови како и погодната географска положба придонеле пределот Тиквеш да биде населен уште пред многу векови пред новата ера. Присуството на човекот во овој простор дитира од предисторискиот период. За тоа сведочат археолошките ископини на локалитетите: Моклишко Кале (с. Моклиште), Амидеја (с. Ваташа), Бегова Падина (Кавадарци), Чаковец (с. Ресава) каде се откриени предисториски населби и камени орудија.[1] На локалитетот Манастир (Демир Капија), откриени се повеќе културни хоризонти со континуиран редослед од предисториското доба па до средниот век. На овој локалитет најглем број од пронајдените керамички предмети се од енеолитско - ранобронзено време (3.500 - 1.500 г. п.н.е.).[2] Локалитети од овој период откриени се и во селата: Рибарци (Грамадиште), и Манастирец (Хусов Рид),[3] по што може да се заклучи дека траги од организиран живот во Тиквеш имало пред околу шест илјади години.

Кон крајот на II милениум п.н.е., кога започнува периодот на железното време, дошло до засилување на миграционите движења и до поместување на одделни етнички заедници. Како резултат на овие миграции, кои се познати како „Егејска селидба“, дошло до етнички промени и на Балканскиот Полуостров. По извршените поместувања и разместувања, староседелското население се измешало со новите населеници кои биле дел од распаднатата индоевропска јазичко - етничка заедница во III милениум п.н.е. Железната епоха се карактеризира со тоа што племенските заедници почнале да се обединуваат во племенски сојузи што овозможило да се создадат и одделни антички народи на Балканот.[4]

---

[1] Археолошка карта на Република Македонија, Том II, МАНУ,Скопје 1996, 143-161, 224-238. *Републички Завод за заштита на спомениците на културата, Археолошка карта Кавадарци*, Скопје 1975.

[2] Радмила Пашић, *Праисториска ископавања у Демир капији, Сп. Старинар, књ.* XXVI, Београд 1976, 156-157; Виктор Лилиќ*, Траги на ранохристијанска базилика во Средно Повардарие,* Охрид 1989, 75.

[3] *Републички Завод за заштита на спомениците на културата, Археолошка карта Кавадарци, н.д. 6, 7.*

[4] *Историја на Македонскиот народ, Институт за Национална Историја* (ИНИ), Скопје 2000, 28-29.

Како најстари познати етнички заедници кои го населувале Тиквеш во времето на Антиката се спомнуваат Пеонците (Пајонци)[5] и Македонците.

Настанокот на „градиштата“ како населби на Пеонците се врзува за архајскиот и класичниот период во VI и V век пр. н.е. кога настанува етничката диференцијација и стационирање на племињата за време на родовското и племенското уредување, на чело со војнички старешини.[6]

Пеонците ги населувале двата брега на долината на реката Вардар (Аксиос), определена на север со клисурата кај Велес, а на југ со клисурата кај Демир Капија, територија која влегувала целосно во составот на Пајонија.[7] На овој простор биле населени независните (прави) Пеонци, Астраји, Јори и др.[8] Територијата на Тиквеш под пеонска власт ќе остане се до потпаѓањето на Пеонија под македонска власт (358 г. п.н.е.) што не значело и крај на пеонската автономија. За време на владеењето на Филип V, Пеонија целосно потпаѓа под македонска власт. Тоа е и времето на потпаѓањето на Македонија под римска власт во 168 год. п.н.е. и нејзината поделба на мериди. Пеонија е поделена помеѓу втората, третата и четвртата мерида, кога областа Тиквеш и пошироко припаѓа во втората мерида со Стоби[9] како нејзин главен град.[10]

[5] Првите податоци за Пајонците се среќаваат кај Хомер кој во „Илијадата“ ги споменува како сојузници на Тројанците во Тројанската војна. Географски Пајонија тој ја сместува на поширокиот простор околу реката Аксиј. Според „Илијадата“, Пираихмес ги предводел криволаките Пајони, кои дошле под Троја од Аксиос. Поголем број на информации за Пајонците се среќаваат во делата на Херодот и Тукидид. Тукидид забележал дека пред доаѓањето на Македонците Пајонците ги држеле областите западно од Пела, се до морето. Херодот пишувал за пајонските племиња Сиријопајонци и Пајопли кои ги лоцирал во близината на Пангеј, реката Стримон и Прасијадското Езеро. Значајни податоци за географската распространетост на Пајонија даваат и подоцнежните географи. Страбон, опишувајќи го Балканот, вели дека Пајонија е ридеста земја. Од Тракија ја делат Родопите, а на север граничи со земјите на Аутарјатите и Дарданците. Понатаму наведува дека Пајонија се простира од Пелагонија до Пиреја и дека голем дел од Македонија порано бил Пајонски. Околу 359 г. п.н.е. се споменува пајонскиот владетел Агис за чие име се врзува и обединувањето на Пајоните во една политичка организација. За етничката припадност на Пајоните во науката сеуште се водат расправи. Според некои автори Пајоните се Илири, според други тоа се Грци а според трети тие се супстрат од илирско-тракиска мешавина. Античките историографи Пајоните ги одвојувале од Илирите и Таркијците. Да биле блиски со Грците не би пропуштиле тоа да го нагласат. Според Васич „Пајоните се мешавина од автохтони и извесни македонски, тракиски и особено илирски елементи“. За Пајонците поопширно да се види во: Г. Кацаров, *Пеония, принос къмъ старата етнография и история на Македония,* София 1921; Р. Васић, *Праисторија Југословенских земаља - жељезно доба, Центар за балканолошка испитивања* АНУ БиХ, Сарајево, 673-733; Викторија Соколовска, *Исар-Марвинци и Повардарието во Античко време,* Скопје 1986, 21-22.; Фаница Вељановска, *Антрополошко дефинирање на Пајонците,* Скопје 1994; Елеонора Петрова, *Пајонија во* II *и* I *милениум п. н.е.,* Скопје 1999, 4-9.).

[6] Живојин Винчиќ, *1000 години антика во Тиквешиета,* н.д. 114.

[7] Викторија Соколовска, *Исар-Марвинци и Повардариета во Античко време*, н.д., 21-22.

[8] Фаница Вељановска, *Антрополошко дефинирање на Пајонците,* н.д., 13; Елеонора Петрова, *Пајонија во* II *и* I *милениум пр. н.е.,* н.д.7.

[9] Најголема и секако, најзначајна агломерација на Тиквеш, лоцирана на устието на Црна Река (Erigon) во Вардар (Axius), која, како метропола на Пеонија во предримско време, единствено имала статус на муниципиум уште во раноцарскиот период, подоцна станал главен град на римската провинција Macedonija Salutaris и , најпосле, епископско седиште и митрополија во

Од тоа време Пеонија исчезнува не само како држава туку и како етнички и географски поим.[11] Како пеонски град се споменува и градот Стенас (Stenae)[12] лоциран на устието на реката Бошава во Вардар на локалитетот „Марково Кале" кај Демир Капија. Судејќи според овие археолошки наоди, се претпоставува дека во Тиквеш би тербало да се очекува откривање и на други пеонски населби.

Во текот на Римската доминација, што траела неколку столетија, Тиквеш претрпува соодветни етнички промени, како и промени во структурата на населбите и топонимијата. Римјаните, по заземањето на било која провинција, преземале градење на патишта. Најверојатно, во ова време биле изградени главните патишта: вардарскиот и попречниот на овој по должината на Црна Река и Раец, низ Плетвар кон Пелагонија и понатаму за Виа Егнација.[13] Римјаните презеле колонизирање на сите населби по должината на главните комуникации, а изградиле и нови.[14] Во овој период Стоби најверојатно постанал чиста римска населба. За траги од римските населби во Тиквеш постојат бројни археолошки наоди[15], а селата Паликура и Курија до денеска ги задржале своите имиња кои се од римско потекло.[16]

По поделбата на Римската империја на два вела во 395 год. од н.е., и по распаѓањето во 476 година, Македонија се нашла во составот на Источното Римско царство - Византија. Во овој период во Тиквеш продира византиското влијание. Уште во V век во Стоби била изградена голема византиска базилика, а се пронајдени и други византиски предмети кои на Стоби му давале нов, византиски карактер.[17] Таму каде што имало римски, редовно се наоѓаат и византиски траги. Немирните времиња во овој период условиле седиштето на византиската власт од Стоби да се пресели во новоизграденото утврдување на реката Велика (Луда) Мара, градот Дукена. Кај народот сеуште има преданија кои допираат до византискиот период. Овој период кај нив се означува како „Илимски" (Елински), а сé што е со неутврдена старост се означува како „илимска работа."[18] Присуството на византиската култура на овие простори

текот на доцноантичкиот и ранохристијанскиот период. (Живојин Винчиќ, *1000 години антика во Тиквешиешо,* н.д. 116).

[10] Живојин Винчиќ, *1000 години антика во Тиквешиешо,* н.д. 115.

[11] Фаница Вељановска, *Антрополошко дефинирање на Пајонциите* н.д. 14.

[12] Во науката сеуше се води расправа околу постоењето на овој град. Според некои автори се работи за град со назив Stenas – Stenae, додека според други се работи за топоним кој се однесува за клисурата на Вардар. Самото име Stenae во превод значи теснец, клисура, проод, но може да се претпостави дека тоа можело да биде и име на населено место покрај клисурата. Археолошките истражувања укажуваат на тоа дека техниката на ѕидањето и самиот карактер на откриената тврдина имаат пеонски белег (Археолошка карта на Република Македонија, Том II, Скопје 1996, 226.); Ѓорѓи Малковски, Демир Капија од праисторијата до денес, Демир Капија 1998, 16-17.

[13] Војислав С. Радовановић, *Тиквеш и Раец, н.д. 38.*

[14] Исто, 39.

[15] За римските населби во Тиквеш да се види во: Живојин Винчиќ, *1000 години антика во Тиквешиешо,* н.д. 37 -111..

[16] Војислав С. Радовановић, *Тиквеш и Раец, н.д. 39.*

[17] Исто, 42.

[18] Исто, 45.

било големо. Јован Цвијиќ утврдил дека Тиквеш, како и некои други области на Повардарието, припаѓаат на појасот на „преиначена византиска цивилизација“.[19]

Сликата на Балканот започнала да се менува во VI и VII век со доселувањето на Словените.[20] Она што за Словените претставува селидба од огромни размери, за Византиците значело наезда со размери на катаклизма. На освоените територии доселените Словени формирале племенски сојузи, кои византиските извори ги нарекувале „Склавинии“. Просторот на централниот дел на Македонија, вклучувајќи го и Тиквеш, бил населен од Берзитите. Склавинијата Берзитија била една од најголемите и ги зафаќала централномакедонските простори од Велес, Кавадарци, Прилеп, Битола, Кичево, Дебар, Охрид како и во реонот на Преспа.[21] Населувањето на Словените ги предизвикало и најинтензивните промени во населбите и етничкиот состав на Тиквеш.[22] Словените од овој дел на Македонија формирале нови населби: Пештера, Гаврилов Камен, Злешево, Манастирец, Дреново, Белград и др., а ги населиле и старите населби како што се Тиквеш, Дукена и Просек. Еден дел од староседелците, романизираните потомци на Античките Македонци и на римските колонисти, за да преживеат се повлекле во тешко пристапните предели, додека другиот, поголемиот дел бил претопен во големата словенска маса и се изгубил. На тој начин дошло до потполно словенизирање на Тиквеш.

Од почетокот на IX век на Балканот се поагресивна почнала да станува бугарската држава, која својот подем го доживува за време на кнезот Борис (852-889 год.).[23] Ширејќи се кон запад, Бугарија, ја потчинила склавинијата Берзитија а со тоа и целиот Тиквеш потпаѓа под бугарска власт. Под силен војнички притисок, населението ја признало бугарската власт. Биле

[19] Јован Цвијић, *Балканско Полуострво и јужнословенске земље, кн.* I, 144.

[20] Г.Острогорски, *Историја на Византија,* Скопје 1992, 107-114; Fransis Kont, Sloveni tom I, Beograd 1989, 19-42; Стјепан Антолјак, *Средновекобна Македонија 1*, Скопје 1985, 99-180.

[21] *Историја на Македонскиот народ, кн. 1,* 286; Ѓорѓи Малковски, *Демир Капија од праисторијата до денес,* Демир Капија 1998, 20.: (цитирано по М.Дринов, *Заселение Балканского полуострова славянима, Избрани съчинения, Т.* I, София 1971, 351. Според некои извори може да се претпостави дека Склавинијата Берзитија зафаќала опширна територија од денешна Р. Македонија, која според некои автори се простирала од Скопје до Драч. (Весна Петреска, *Свадбата како обред на премин кај Македонците од Брсјачката етнографска целина*, Докторска дисертација, ракопис, Скопје, 33, цитирано по Соња Зоговиќ, *Појава и создавање на нови етноси во раниот среден век во југозападниот дел на Балканот, ст. 13.* ракопис). Од пишаните извори се дознава, дека западно од градот Солун се населило племето Драговити. Непосредно до Солун, во Солунското Поле, на просторот меѓу денешните градови Бер и Солун, се населило племето Сагудати, во близина на Сагудатите, на полуостровот Халкидики, по брегот на Орфанскиот Залив, племето Ринхини, околу градовите Теба и Деметријада во Тесалија се населиле Велегезитите, а во Јужен Епир, на север од заливот Арта, Вајунитите. По текот на реката Места се населиле Смолјаните, а по Струма и Струмица и околните области Струмјаните. Околу термопилите и на Пелопонез биле населени Езерците и Мелензите. *Според: ВИИНЈ/Д,3*, стр. 186-190, за Ринхини стр. 200; за Стримонци стр. 208; за Смолјани стр. 290; за Езерци и Мелензи стр. 233.; *Македонијая като природно и стопанско цяло, н.д. 217*; Стјепан Антољак, *Средновековна Македонија 1, н.д. 196; Историја на Македонскиот народ, кн. 1, 286.*

[22] Војислав С.Радовановић, *Тиквеш и Раец, н.д. 51.*

[23] Бранко Панов, *Средновековна Македонија 3,* Скопје 1985, 39.

формирани нови воено-административни единици, наречени комитати, на чие чело стоеле т.н. комити.[24] Напоредно со ова се вршела и христијанизација на словенското население. Овој процес завршил околу 864-865 год. за време на владеењето на бугарскиот цар Борис, кога бугарската држава официјално го примила христијанството. Набрзо потоа испратените свештеници од Цариград, со одобрение од бугарската држава, го започнала покрстувањето на Словените од Тиквеш и Берзитија.[25] Сепак, бугарската доминација во Тиквеш не оставила скоро никакви белези во топонимијата на населените места, во црквите и манастирите, ниту пак во народната традиција.

Од првата половина на X век, како резултат на засилената експлоатација на населението, особено на оној дел во Македонија кој го владееле Бугарите, дошло до заострување на класната борба, која се манифестирала со избувнување на востание што го кренале синовите на кнезот Никола, комитопулите Давид, Мојсеј, Арон и Самуил, во 969 год. Средиштето на востанието се наоѓало на територијата на бившата склавинија „Берзитија“, т.е. на просторот помеѓу денешните градови Велес, Кавадарци, Прилеп, Битола, Кичево, Охрид.[26] Меѓутоа, дури по успехот на востанието од 976 год. под водство на Самуил, доаѓа до формирање на посебна држава на македонските Словени, позната како[27] Самуилова држава. Во овој период имајќи ја предвид поволната географска положба на Тиквеш, особено на вардарската долина, на просторот кај Демир Капија како важен стратешки центар се спомнува градот Просек.

Околу 1328 год. градот Просек потпаѓа под српска власт.[28] Оттогаш Просек е седиште на српската кефалија (началник на градот).[29] За разлика од бугарската, српската доминација во Тиквеш оставила бројни траги. За тоа сведочат големиот број на натписи и живописи по црквите и манастирите.[30] Од овој период потекнува и Полошкиот манастир кој бил задужбина на феудалецот Драгушин брат на цар Душан. Доминацијата на средновековната српска држава на овој простор завршува во времето на царицата Јевдокија. Тоа е периодот на распаѓањето на Србија по 1371 год., кога браќата Драгаш и Константин Дејановиќ како турски вазали воспоставиле своја власт.

Околу 1385 год Тиквеш потпаднал под турска власт. Тогаш започнал процесот на засилени промени во политичкиот, социјалниот и културниот живот во Тиквеш. Во почетокот на турската наезда целосно бил уништен градот Просек.[31] Истата судбина ја доживеал и градот Тиквеш, а од етничката карта на Тиквеш исчезнуваат и словенските населби: Пештера, Гаврилов Камен, Обстраница, Злешево, Белград и др.[32] Во овој период се појавиле и

---

[24] Исто, 40.

[25] Ѓорѓи Малковски, *Демир Капија, н.д.* (Цитирано по Златарски В.Н., *История на Българската държава прьз средните векове*, София 1934).

[26] Бранко Панов, *Средновековна Македонија 3,* Скопје 1985, 45..

[27] Стјепан Антољак, *Средновековна Македонија*, н.д. 270.

[28] Бранко Панов, *Средновековна Македонија 3,* Скопје 1985, 92.

[29] Ѓорѓи Малковски, *Демир Капија, н.д.*26

[30] Војислав С.Радовановић, *Тиквеш и Раец, н.д.*47-55.

[31] Исто, 60.

[32] Исто, 62-23.

првите миграции на православното население кон повисоките планински предели, додека во рамничарските села доминантен постанал турскиот етнос. Со доаѓањето на Турците настануваат и нови промени во демографската структура на населението.

Кон крајот на XV и почетокот на XVI век наишол првиот бран на Јуруци од Мала Азија. Тие го населиле источниот дел од Вардар на Конечката планина. Тогаш биле формирани нивните села: Орта Караслар, Кочилар, Куридере, Чешмедере, Кара-Синанли, Хаџи-Јусуфли, Мужанци, Инешоба, Читакли, Хаџи-Сејдели, Хаџи-Реџепли, Ортамале и др.[33] Јуруците се населиле и во неколку македонски села: Брусник, В´чи Дол, Калајнево, Џидимирци и Пештерница.[34] Кон крајот на XVII век наишол вториот јуручки бран кога биле формирани селата Челевец, Кошарка и Иберли. За време на Балканските војни поголем дел од Јуруците се иселил кон Мала Азија.

Турците на Балканот донеле и еден друг етнички елемент - Циганите, во Тиквеш познати како „Аѓупци". Иако нивното присуство на Балканот може да се следи уште од времето на Византиското Царство[35], сепак нивното појавување во Тиквеш се поврзува со доселувањето на Турците. Тие се стационирале во поголемите населби: Кавадарци, Пепелиште, Криволак и др. места, а основно занимање им бил ковачкиот занает.[36]

Во периодот од XVI век започнало и исламизирањето на православното население. Во почетокот исламот го примило населението во рамничарскиот дел, по течението на реката Вардар, Црна и Бошава. Такви биле селата: Долно Чичево, Росоман, Сирково, Марена, Глишиќ, Ваташа, Тремник, Барово, Бесвица, Слатина, Дуброво и др.[37] При крајот на XVII век се спровел нов бран на исламизација на населението од Тиквеш. Тогаш исламот го примило поголемиот дел од населението во селата: Сопот, Долни Дисан, Криволак, Манастирец, Водоврат, Виничани, Пепелиште, Бистренци, Дубљани и Крушевица.[38]

Во втората половина на XVII век за време на Австро - турската војна од пределот Азот (Велешко), кон Тиквеш мигрирал еден дел од македонското население. Овие доселеници ги основале денешните села Бегниште, Гарниково и Бојанчиште.

При крајот на XVII век во Тиквеш продираат и албанските пљачкашки банди од запад. Тогаш градот Дукена сосема опустел, а Албанците сосема ја уништиле и касабата Хоово, која после градот Тиквеш била едно од најстарите управни седишта на областа.[39] Поголем дел од месното население од Раштани и Хоово избегале и се населиле во селото Велехан денешно Кавадарци. Под нивната наезда голем број на тиквешки села биле запалени и опустошени, како што биле Вештине, Слатина и др.

[33] Исто, 62-23.

[34] Исто, 75.

[35] ИНИ, *Историја на Македонскоит народ,*кн. 2, н.д.88.

[36]Војислав С.Радовановиќ, *Тиквеш и Раец, н.д.*149.

[37] Исто, 65.

[38] Исто, 76.; Васил Кънчов, *Избрани Произведения, Том* II, София1970, 342-343.

[39] Војислав С.Радовановиќ, *Тиквеш и Раец* н.д., 72.

Околу 1876 год. во Тиквеш се населиле и Черкези. Тие го населеиле раселеното село Вештина, кое од тогаш било наречено Черкеско Село. Черкезите во овие простори се доселиле од Кавказ. Меѓутоа, по неколку години поради големата смртност тие се иселиле од Тиквеш и заминале кон Мала Азија.[40]

По Руско-турската војна и по националноослободителните војни на Балканот (1876-1878 год.), на овој простор се појавиле и Турци - мацири, кои се доселиле од ослободените територии на Бугарија, Србија и Босна и Херцеговина. Тие се населиле по градските центри и по исламизираните населби. Тогаш во Кавадарци било формирано и „Мацирско Маало".[41] Еден дел од нив се населил и во селата Бунарче и Бојанчиште.

Со воведувањето на турската власт во Македонија настанале и нови општествено политички прилики. Целата територија на Македонија, уште за времето на нејзиното освојување, се наоѓала во рамките на Румелискиот беглербеглак, во чиј состав влегувале помали управно политички единици т.н. санџаци, кои во своите рамки ги опфаќале нахиите, најмали управно-територијални единици. Тиквешката нахија припаѓала на Ќустендилскиот санџак.[42] Целото македонско население во Тиквешката нахија припаѓало на категоријата на зафисно - феудално население или раја, обременето со голем број даноци. Населението морало да плаќа ушур (десеток) во натура; испенџе[43] и џизие.[44] Освен тоа рајата морала да го трпи и самоволното и неморално однесување на агите и одметнатите турски и качачки банди за што постојат голем број примери.[45] Сето тоа придонело да се јават и првите форми на отпор против турските власти, и формирање на првите ајдутски чети. Меѓутоа, поорганизирана форма на отпор настанува со формирањето на првите комитети на ТМОРО. Формирањето на овие комитети е поврзано со името на Даме Груев, кој во средината на јули 1894 год. го посетил градот Кавадарци каде ги пос-

[40] Исто, 110-111.

[41] Исто, 111.

[42] Турски документи за историја на Македонскиот народ, опширен пописен дефтер од XVI век за Ќустендилскиот санџак, кн. III, Скопје 1982, 379-384.; ИНИ, *Историја на Македонскоит народ,*кн. 2, 39-41.

[43] Основен данок кој се плаќал на феудалците

[44] Данок кој се плаќал за воените потреби на Царството.

[45] Откако ќе се напиеле, Турците правеле најразлични зулуми а не ретко биле нападувани убавите девојки и невести. Така во селото Клиново снаата на Коле Душков била насилно одвлечена во беговата кула на Усни Ага, каде што поминала една ужасна ноќ ( Петре Камчев, *Револуционерното движење во Тиквешијата до Балканските војни,* Кавадарци 1995 г.).

Еден спахија кога дошол во село Страгово бендисал некоја убава мома и безобѕирно се изживувал со тоа што ја присилувал да го носи на грб од селската чешма па до неговиот конак (Пане Емшов, Киро Андонов, *Неготино во пламен 1912-1913,* Неготино 1980, 25).

Ибо-ага од селото Бохула грабел убави девојки Македонки и ги продавал во Мегленско за 50 лири. Истиот ага селаните ги принудувал, кога ќе излезат од црквата, да носат вреќи полни со камења (Пане Емшов, Киро Андонов, *Неготино во пламен 1912-1913,* Неготино 1980, 25).

Кога Турците оделе во војска, неканети се гоштевале по македонските куќи. Ги барале најубавите јадења, а по гоштевката барале да им се плати „дишхак" - забарнина, затоа што ги „болеле" забите од јадењето (Пане Емшов, Киро Андонов, *Неготино во пламен 1912-1913,* Неготино 1980, 25).

тавил темелите на првиот местен комитет на Организацијата, на чие чело се наоѓал Пане Иванов.[46] Набргу потоа Организацијата се проширила и во селото Ваташа, а се претпоставува дека во овој период бил формиран и месниот комитет во Неготино.[47] За кратко време идејата за национално, политичко и социјално ослободување на македонскиот народ од турското ропство ја зафатило целата терирорија на Тиквеш. Месни кмитети биле формирани и во селата Шивец,[48] Клиново, Баробо и др. села.[49] Во неготинскиот дел од Тиквешката каза, силен пункт бил формиран во селото Прждево, кое имало за цел да го организира населението во соседните села: Бања (Демир Капија), Драчевица, Дрен, Клисура, Стрмашево, Вешје, Горни и Долни Дисан.[50] Набргу потоа се формираат и првите чети кои ги започнуваат првите акции, кои во почетокот имале осветнички карактер.

Политичките прилики во Тиквеш се влошиле по откривањето на Валандовската афера од 7 декември 1899 год., а набргу потоа и Солунската афера од 23 јануари 1901 год. Како последица од овие афери дошло до големи апсења на голем број членови и симпатизери на Организацијата. Теророт го опфатил целиот Тиквеш, меѓутоа, најизразен бил во селата: Ресава каде биле уапсени 22 лица, Мрзен Ораовец 20, Кавадарци 18 лица, Бојанчиште 15, Грбавец 15, Чемерско 10, Галиште 10, Бошава 8, Бегниште 6 и Сирково 5. Сите уапсени биле подложени на големи измачувања, од кои некои починале а некои извршиле и самоубиства.[51]

Положбата на македонскиот народт во Тиквеш особено се влошила по Илинденското востание кога населението било подложено на уште поголеми репресии. Опасноста не доаѓала само од Турците, туку и од грчките, бугарските и српските чети кои се бореле да подготват терен за освојување на Македонија.[52]

На 13 март 1912 год. бил потпишан договор за пријателство и сојуз помеѓу Србија и Бугарија. Кон него бил додаден и т.н. „Таен анекс" во чиј член 2. било утврдено идното зедничко воено дејствување против Турција. Со него била извршена и територијалната поделба на Македонија меѓу Србија и Бугарија.[53]

Во Тиквеш демаркационата линија одела по течението на реката Вардар. Сите Тиквешки села од левата страна на Вардар, паднале под бугарска власт, а селата од десната страна на Вардар под власта на српските воени и

[46] Петре Камчески, *Револуционерното движење во Тиквешијата до Балканските војни*, н.д. 38.

[47] Исто, 39.

[48] Петар Ефремовски, *Шивец низ вековите*, Кавадарци 1986, 55.

[49] Петре Камчески, *Револуционерното движење во Тиквешијата до Балканските војни*, 67.

[50] Исто, 68.

[51] Исто. 81.

[52] Петар Стојанов, *Македонија во времето на Балканските војни и Првата светска војна (1912-1918)*, Скопје 1969, 33-34.

[53] Исто, 69.

цивилни органи.[54] Набргу потоа поради различните интереси на Бугарија и Србија за време на Втората балканска војна 1913 год. Тиквеш ќе се наоѓа наизменично под окупација на Бугарија и Србија. Во овој период голем број од турското и исламизираното население го напушта Тиквеш и заминува за Мала Азија, а голем број на македонски села како и градот Неготино биле опожарени. Последиците од Балканските војни во Тиквеш биле огромни.

За време на Првата светска војна 1914 год. Тиквеш повторно се наоѓа во виорот на војната. Тогаш до темел биле изгорени селата: Дреново, Вардар-Чифлик, Градско, Џидимирци, Брусник, а делумно биле разрушени Алшар, Рожден, Мрежичко, Конопиште, Горна Бошава, Крњево, Чемерско, Страгово, Бања, Војшанци, Пепелиште, Возарци, Криволак и др.[55] Во последните години од војната (1918) во Тиквеш пустошела и епидемијата на т.н. шпански грип, кај населението позната какао „кокошкина болест“ или „чума“. Оваа епидемија била пренесена од војниците на фронтот.[56] Во текот на војната тиквешани, кои како војници се бореле во српската и бугарската војска, поднеле и огромни човечки загуби.

Првата светска војна се одразила и врз топонимијата во Тиквеш. Така, на пример, повеќе месности каде што биле жичаните станици го добиле називот „Гара“; во атарот на село Конопиште две месности се нарекле со називите „Аеропланите“ и „Топовите“. На Конечката планина се појавиле исто така два нови топонима: „Крстот“ и „Топот“.[57]

По завршувањето на Првата светска војна и создавањето на Кралството на Србите, Хрватите и Словенците во Тиквеш се доселуваат колонистички домаќинства скоро од сите краишта на Кралството. Колонисти доаѓале од: Прилеп, Топлица, Лесковац, Ниш, Лужница, Пирот, Сврлиг, Гружа, Златибор, Банат, Срем, Огулин, Босански Петровац, Гламоч, Ливно, Кључ, Шибеник, Бока Которска и Црмница.[58] Колонизацијата се одвивала во три фази. Првата фаза траела од 1919 до 1923 год. кога во Тиквеш се колонизирани 441 домаќинство. Втората фаза на колонизација траела од 1924 до 1928 год., кога во Тиквеш се доселиле 37 домаќинства. Третата фаза го опфаќа периодот од 1929 год. и траела до 6 април 1941 год. Тогаш биле доселени уште 148 домаќинства или вкупно во трите фази 635 домаќинства.[59] Од нив 486 домаќинства или 76,5% биле колонизирани во општина Неготино[60], а 147

[54] Пане Емшов, Киро Андонов, *Неготино во пламен 1912-1913,* Неготино 1980, 42.

[55] Киро Андонов, Пане Емшов, *Тиквешијата за време на Првата светска војна (1914-1918),* Неготино 1983, 37.

[56] Исто, 37.

[57] Исто, 39.

[58] Војислав С.Радовановић, *Тиквеш и Раец* н.д., 115.

[59] Александар Апостолов, *Колонизацијата на Македонија во стара Југославија*, Скопје 1966, 123.; А.Апостолов, *Колонизацијата на Тиквешијата меѓу двете цветски војни 1941-1945,* Кавадарци - Неготино 1983, 145-179.

[60] Во општина Неготино најмногу домаќинства биле населени во селата: Пепелиште (150), Криволак (127), Тремник (76), Тимјаник (52), Бистренци (29), Курија (15), Војшанци (14), Брусник (12), Дуброво (8) и др.

домаќинства или 23,1 % во општина Кавадарци.[61]

Во 1934 год. во Тиквешките села Сопот, Пепелиште и Прждево се доселиле и 100 домаќинства од селата Горна и Долна Горица од обласа Мала Преспа во Албанија.

На 11 април 1941 год. Тиквеш потпаѓа под фашистичка германска управа.[62] Главните сили на германската војска се стационирале во Демир Капија како важно стратешко место. Од 26. април 1941 год. во Тиквеш навлегува и бугарската војска како сојузничка на Германија. Во овој период Тивеш повторно се наоѓа во центарот на воените збиднувања. Ваквата состојба ќе се одржи се до 8 ноември 1944 год. кога целиот регион на Тиквеш бил ослободен од фашистичките сили.[63]

По Втората светска војна во Тиквеш се појавуваат нови етнички поместувања. Во 1946 год. од селото Шулин од обласа Мала Преспа, Албанија, се доселиле 30 македонски домаќинства и истите се населиле во селото Крушевица. Во 1948-1949 год. од Егејскиот дел на Македонија во Тиквеш се доселиле околу 160 домаќинства и истите се населиле во: Демир Капија, Неготино, Дуброво, Долна и Горна Ергела, Црвени Брегови и др. места. Во 1950 год од Србија и околината на Босилеград се доселиле и 15 бугарски домаќинства кои се населиле во селата Сопот и Росоман.[64]

По Втората светска војна, а особено по расформирањето на колективите во 1953 год., значајни станале миграциите село - град и планина - рамница. Овие миграции се последица на новиот поредок на тогашна ФНРЈ. Во периодот од 1961 до 1971 год. процесот на урбанизација и индустријализација во Тиквеш зема поголеми размери, што е една од причините за раселување на населението од планинските села. Тогаш од овие села се раселиле 15.361 лице, кои главно се населиле по градските центри и рамничарските села.[65] На овој начин завршуваат поголемите етнички поместувања и миграции во пределот Тиквеш.

[61] Во Општина Кавадарци најмногу домаќинства биле населени во: Сирково (37), Паликура (36), Росоман (35), Трстеник (16), Манастирец (10), Кавадарци (5) и др.

[62] Ѓорѓи Малковски, *Демир Капија од праисторијата до денес*, н.д.93.

[63] Исто, 112.

[64] Ѓорѓи Павловскии, *Социо-географски и аграрно-географски трансформации во Тиквешката област*, н.д.146.

[65] Исто, 147.